39970

ПУЛС, Скопје

18.VI.1993, 126, 4,

*Предизвик*

# ЃУНЕР ЗНАМЕНОСЕЦ

Многуфалениот и не помалку оспоруван министер за култура Ѓунер Исмаил, со кого некои македонски издавачи и театарски работници не сакаат воопшто (а мораат) да се сретнат, деновиве во Венеција направи своевиден подвиг. Како што е познато, на 45-то Биенале во Венеција, на кое своја поставка имаше и Музејот на современата уметност во Скопје, од копјето беше симнато македонското државно знаме. Инкриминираниот чин се совпадна со пристигнувањето на македонскиот министер за култура во Венеција кој гледајќи го без идентификација македонскиот павилјон, го зел резервното знаме и сам се искачил на копјето и го развеал.

Каков ќе биде сега коментарот на оние што му префрлаа за наводното отсуство на македонско национално чувство?